Друштво за производство, трговија и услуги ЛЕ БРАНД ДИЗАЈН ДООЕЛ увоз-извоз
03/25
11.04.2025
Битола

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Бр./Nr. 18.1-40996/1
09 APR 2025 год./viti
Скопје/Shkup

# РАМКОВНА СПОГОДБА
**склучена помеѓу:**

## 1. СТРАНИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, ул."Димче Мирчев" 9 - Скопје,** ЕДБ: 4030990270610, ЕМБ: 4065999, претставувано по овластување од Министерот, од Помошникот на министерот Аце Ивановски (во понатамошниот текст – договорен орган)

и

**Друштво за производство, трговија и услуги ЛЕ БРАНД ДИЗАЈН ДООЕЛ увоз-извоз Битола,** ЕДБ 4002016547368, ЕМБ: 7147619, жиро сметка: 280 1031056320 86 во Силк Роуд Банка АД Скопје, тел: 077 510 463 електронска пошта lebrand.design@outlook.com , претставувано од одговорно лице Лиле Кадинска (во понатамошниот текст - носител на набавката)

## 2. ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 1

1) Предмет на оваа јавна набавка со оглас број 21221/2024 е за јавна набавка на униформа за специјална полиција за дел 2: униформа во шара (мандра и мултикам) согласно понудата од носителот на набавката, поднесена во постапка за доделување на рамковна спогодба,
2) Квалитетот на предметот на набавката мора во целост да одговара како во понудата, поднесена на огласот за доделување на рамковна спогодба за јавна набавка со број 21221/2024.
3) Конечната понуда поднесена после е-аукција во постапка,а за доделување на рамковна спогодба за јавна набавка, оглас со број 21221/2024 се прилог на оваа рамковна спогодба.

## 3. ЈАЗИК НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 2

1) Јазик на спогодбата и на другите документи кои претставуваат составен дел на спогодбата, е Македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.
2) Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу страните, и на договорите кои ќе се склучуваат е на Македонски јазик и неговото килилично писмо.

## 4. ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 3

Вкупната вредност на оваа рамковна спогодба изнесува 111.000.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ изнесува 19.980.000,00 денари, односно 130.980.000,00 денари со вклучен ДДВ

## 5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 4

1) Рамковната спогодба се склучува на определено време од 3 години или до целосно искористување на превидените финансиски средства од член 3 од оваа рамковна спогодба
2) Носителот на набавката има обврска да ја потпише рамковната спогодба за јавна набавка во рок од пет работни дена од денот на добиена електронска пошта на е-меилот доставен во образецот на понудата и истиот да му ја врати на договорниот орган во неговата архива во Скопје на улица Димче Мирчев 9, зграда 5, кат 4, канцеларија на архива и при враќањето да се потпише во книгата за евиденција на рамковни спогодби
3) Врз основа на оваа рамковна спогодба, Договорниот орган и Носителот на набавката ќе склучуваат поединечни договори-нарачки за набавка на стоки.
4) Носителот на набавка има обврска да ја потпише договорот нарачка во рок од пет работни дена од денот на добиена електронска пошта на е-меилот доставен во образецот на понудата и истиот да му ја врати на договорниот орган во неговата архива во Скопје на улица Димче Мирчев 9, зграда 5, кат 4, канцеларија на архива и при враќањето да се потпише во книгата за евиденција на договор-нарачки.

6. КВАЛИТЕТ НА СТОКИТЕ, КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИРАТИВЕН ПРИЕМ

Член 5

Контролата на квалитетот на стоките од оваа рамковна спогодба ја организира и следи Одделението за контрола на квалитет.

За местото, начинот и времето на контрола на квалитетот одлучува групата за контрола на квалитет.

Стоките предмет на набавка според својот квалитет треба да одговараат на карактеристиките наведени во техничката понуда која е во прилог на оваа рамковна спогодба доставена од носителот на набавката.

Квалитативниот прием се врши во рокот определен во член 6 од оваа рамковна спогодба, пред испораката на стоките, врз основа на претходно писмено известување од страна на Носителот на набавката, кое го доставува до Одделението за контрола на квалитет, на електронска адреса: tamara_petkovski@moi.gov.mk, anica_groslevska@ moi.gov.mk, leon_cvetkovski@moi.gov.mk

Контролниот орган составува записник за квалитативен прием, врз основа на кој се дозволува испорака на договорените стоки. Записникот го потпишуваат претставници од двете договорни страни во 5 (пет) идентични примероци, од кои еден за носителот на набавката, еден за одговорното лице за квантитативен прием во магацин на купувачот и три за Одделението за контрола.

Договорниот орган го задржува правото да изврши контрола на квалитет на стоките со лабораториско испитување во соодветна институција. За испитување на стоките двете страни земаат случајни мостри, кои се обележуваат. За испитување се определува обележан примерок и контрапримерок, кој во случај на спорни резултати, ќе служи како параметар за квалитетот, а трошоците за суперанализа, паѓаат на договорната страна која ќе го изгуби спорот во однос на квалитетот.

Купувачот го задржува правото да изврши рекламација на стоките по испорака, во случај во испорачаните количини да има оштетени или расипани стоки, во рокот на употреба, а тоа не е вина на купувачот. Рекламација се поднесува во рок од десет дена по констатираните недостатоци на примените стоки. Носителот на набавката е должен рекламираните стоки да ги замени со нови на свој трошок.

7. НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 6

Носителот на набавката по обострано потпишување на рамковната спогодба, во рок до 45 дена е должен да достави нулти производ по 1 примерок од сите големински броеви предвидени во спецификацијата во рамки на делливоста на набавката,кои ќе служат за доставување на список од корисниците во договорниот орган со детални количини и големински броеви. Носителот на набавката е должен да испорача стоки кои се предмет на набавка во рок до 90 дена од склучен поединечен договор-нарачка и доставен прилог големински броеви и количини од страна на договорниот орган. Испораките да се вршат во Централниот магацин на МВР во Скопје.

**<u>8. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ-нарачка</u>**

Член 7

Со потпишувањето на секој **<u>договор-нарачка</u>** во рок од 15 дена (од денот на обострано потпишување на договорот-нарачка) врз основа на оваа рамковна спогодба носителот на набавката е должен да обезбеди и достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот во висина од **5%** од вкупната вредност на <u>Договор-**нарачка**</u>

Банкарската гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот се доставува во оригинална форма, во определениот рок во архивата на Договорниот орган на ул. Димче Мирчев бр.9 Скопје. Копија не се прифаќа. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде во денари. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот-нарачка мора да биде со важност за цело времетраење на договорот и, плус 15 дена од денот на склучување на договорот нарачка.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот нарачка ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од од овој Договор за јавна набавка во предвидените рокови.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од Договорот -нарачка согласно договореното, договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Доколку Договорот е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на Договорот.

9. ПЕНАЛИ ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 8

1) Во случај на задоцнување на извршување на услугите предмет на оваа спогодба, Носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина од 2 промила дневно, но пеналите не можат да бидат поголеми од 5% од вредноста на подоцна испорачаните производи. Договорниот орган го задржува правото, спогодбата и поединечниот договор да биде раскинат поради доцнење во испорака

2) Носителот на набавката е ослободен од обврската на плаќање на пенали ако задоцнувањето е последица на виша сила. Во овие случаи Носителот на набавката е должен веднаш да го извести Договорниот орган, а потоа договорно ќе се утврди нов рок за извршување.

10.УСЛОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 9

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на рамковната спогодба и договор нарачка
- количини со опис на стоките;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата;
- валута на плаќање;
- сметка и банка.

11. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 10

1) Договорниот орган се обврзува плаќањето да го извршува вирмански на жиросметка на Носителот на набавката, во рок од 60 дена по извршена испорака на одредена количина во рамки на делот од набавката согласно нарачката и доставена фактура.

2) Прилог на фактурата треба да бидат уредно пополнети испратници и записник од извршен квалитативен прием доколку е извршен и записник од извршен квалитативен прием, во случаите кога е извршен квалитативен прием

3) Носителот на набавката доставува една фактура за извршени испораки од секој поединечен договор.

4) Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот рок, носителот на набавката го задржува правото да пресмета законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

12. ВИША СИЛА

Член 11

1) Неисполнување на обврските од оваа спогодба, како последица на виша сила ќе се смета, во следните случаи:

- елементарни непогоди од катастрофални размери,
- природни катастрофи,
- кога од пожар се уништени капацитетите на носителот на набавката,
- воведување на меѓународни бариери и забрани по датумот на потпишување на договорот,
- одземање иил уништување на предметот на набавката како последица на внатрешни конфликти или разбојништво.
- неисполнувањето на договорените обврски како последици од делување на виша сила, не се смета за кршење на спогодбата и не се санкционира согласно членот 15 на оваа спогодба.
- за регулирање на прашањата околу измена на условите на спогодбата, поради делување на виша сила, договорните страни ќе склучат анекс на спогодбата, веднаш по нормализирањето на состојбите.

## 13. ОБЕШТЕТУВАЊА

Член 12

1) Во случај на еднострано раскинување на спогодбата, страната која ја раскинува спогодбата се обврзува, на другата страна да и ги надомести сите стварни штети, настанати како последица на еднострано раскинување на спогодбата.

2) Во случај на раскинување на спогодбата, поради непочитување на спогодбата, страната која ја прекршува спогодбата се обврзува, на другата страна да и ги надомести сите стварни штети, настанати како последица на раскинување на спогодбата.

## 14. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН И РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 13

1) Сите активности од подготовката до целосна реализација на спогодбата ќе се спроведуваат согласно релевантните закони и подзаконски акти кои се во употреба во Република Северна Македонија.

2) Договорените страни се обврзуваат, меѓусебните спорови да ги решаваат спогодбено, во склад со важечките закони и во духот на овој договор.

3) Во случај на судски спор надлежен е Основен суд - Скопје.

## 15. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

Член 14

1) Оваа спогодба се смета за склучена, со денот на нејзиното потпишување од двете договорни страни.

2) Спогодбата може да се раскине и пред договорениот период доколку една од договорните страни не ги исполнува обврските предвидени со истата.

3) За намерата за раскинување, се доставува писмено известување во кој се наведуваат причините поради кој се раскинува спогодбата.

4) Спогодбата се смета за раскината по истек на 5 дена од писменото известување.

## 16. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од оваа спогодба само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од оваа спогодба можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на спогодбата согласно член 119 од Законот за јавни набавки

Дополнувањата и измените на оваа спогодба се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 16

Оваа спогодба составена од 6 (шест) еднакви примероци, од кои носителот на набавката задржува 2 (два) а договорниот орган 4 (четири).

Изготвил, Христијан Тодоровиќ
Контролирал, Началник на ОЈНПС Игор Трајковски
Согласен, Началник на СНМЛ Ивона Јовчевска

| Носител на набавката | Договорен орган |
|---|---|
| ДПТУ ЛЕ БРАНД ДИЗАЈН ДООЕЛ Битола | Министерство за внатрешни работи |
| Одговорно лице | Помошник на министерот |
| Лиле Кадинска | Аце Илановски |

Прилог бр. 1- ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА
Меморандум на понудувачот

Врз основа на огласот број 21221/2024, објавен од страна на Министерството за внатрешни работи, за доделување на рамковна спогодба за јавна набавка на униформа за специјална полиција, согласно техничка спецификација, со спроведување на отворена постапка, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), и на тендерската документација која ја презедовме преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk), ја поднесуваме следнава:

## КОНЕЧНА ПОНУДА

I. ОПШТ ДЕЛ

I.1.Име на понудувачот: ДПТУ ЛЕ БРАНД ДИЗАЈН ДООЕЛ увоз-извоз Битола

I.2. Контакт информации

- Адреса: Климент Охридски 25-1 лок.1 Битола

–Телефон: 077 510 463

–Факс: нема

–Е-пошта: lebrand.design@outlook.com

–Лице за контакт: Лиле Кадинска

I.3. Одговорно лице: Лиле Кадинска

I.4. Даночен број: 4002016547368

I.5. Матичен број: 7147619

Банка: Силк Роад Банка

Жиро сметка: 280 1031056320 86

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar 09 APR 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 18.1 | 40995 | 1 | – |

I.6. Нашата понудата е составена од следниве делови:

- пополнет образец на понуда со листа на цени (општ дел, финансиска и техничка понуда) – (Прилог бр.1),
- изјава со која економскиот оператор се обврзува да изврши корекција по побарана рекламација на испорачани стоки и замена на големински броеви по првично доставен список од договорниот орган, во рок од 30 дена по испорака на стоката кај крајниот корисник,
- мостри и материјали кои се барани во техничките спецификации
- Изјава за прифаќање на измените (корекциите) во Правилникот за униформа кои треба да се имплементираат при реализација на поединечен договор нарачка (текстот согласно напомената во техничките спецификации)
- документација со која се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката,
- документација со која се докажува дека се исполнети условите за квалитативен избор,
- изјава за сериозност (Прилог бр.2)
- листа на доверливи информации (Прилог бр.3) ако нема доверливи информации, образецот не мора да се пополнува,
- договор за групна понуда (само за група на економски оператори)
- известување за ангажирани подизведувачи (Прилог бр.4)

I.8. Со поднесување на оваа понуда, не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки

III. Финансиска понуда

Детален приказ на вкупната цена (изразена во денари) на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

ДЕЛ 2 – униформа во шара (мандра и мултикам)

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Назив на стоките | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Само ДДВ |
| 1. Комбинезон | парче | 1 | 13711.27 | 2468.03 |
| 2.1 Зимска јакна со подјакана | парче | 1 | 13535.81 | 2436.45 |
| 3. Џемпер | парче | 1 | 2546.83 | 458.43 |
| 4. Кошула „рипс“ | парче | 1 | 4210.32 | 757.86 |
| 5. Кошула „аутлас“ | парче | 1 | 4210.32 | 757.86 |
| 6. Панталони „рипс“ | парче | 1 | 4406.43 | 793.16 |
| 7. Панталони трослојни | парче | 1 | 5092.81 | 916.71 |
| 8. Блуза со долги ракави | парче | 1 | 716.49 | 128.97 |
| 9. Маица со јака | парче | 1 | 1665.20 | 299.74 |
| 10. Маица со отвор во форма на буквата „О“ | парче | 1 | 489.41 | 88.09 |
| 11. Маица со долги ракави | парче | 1 | 685.52 | 123.39 |
| 12. Тактичка маица со кратки ракави | парче | 1 | 881.63 | 158.69 |
| 13. Дводелен комплет за дожд | парче | 1 | 4701.45 | 846.26 |
| 14. Шешир | парче | 1 | 1156.01 | 208.08 |
| 15. Капа „безбол“ | парче | 1 | 685.52 | 123.39 |
| 16. Беретка | парче | 1 | 1174.93 | 211.49 |
| 17.Навлака за шлем | парче | 1 | 1077.74 | 193.99 |
| 18. Капа фантом | парче | 1 | 1469.10 | 264.44 |
| 19. Капа плетена | парче | 1 | 489.41 | 88.09 |
| 20. Капа полар | парче | 1 | 588.33 | 105.90 |
| 21. Дводелно пододело со поткапа | парче | 1 | 1763.26 | 317.39 |
| 22. Ремен за пантолони | парче | 1 | 1174.93 | 211.49 |
| 23. Ракавици термо | комплет | 1 | 3427.60 | 616.97 |
| 24. Ракавици тактички | комплет | 1 | 2742.08 | 493.57 |
| 25. Дождовна наметка | парче | 1 | 3427.60 | 616.97 |

III.2 Вкупната цена на нашата понуда за дел 2, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 76.030,00 *[со бројки]*

( седумдесетишестилјадиитриесет ) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 13.685,40 денари.

III.4.1 Начин, рок и место на испорака: согласно условите предвидени во тендерската документација

III.4.2 Начин и рок на плаќање: согласно условите предвидени во тендерската документација

III.4.3 Рок на важност на понудата: согласно условите предвидени во тендерската документација

Место и датум

Битола ; 09.04.2025 г.

Одговорно лице

Лиле Кадинска

(име и презиме)